# ПРЕДМЕТ:
Официјални правила
на Наградната игра "18 години заедно со Вас"

**Член 1**

## ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Официјално име на Наградната игра е:
"18 години заедно со Вас"

Организатор на наградната игра: Рамсторе Македонија ДОО, со седиште на Ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје - Центар (Контакт: ул. Гане Тодоровски бр.32/1 - 4, Скопје) (во понатамошниот текст Организатор).

**Член 2**

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра ќе се одржи во период од 16.10.2023 - 17.12.2023.

**Член 3**

## ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА / ОРГАНИЗАТОР

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на услугите на организаторот.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

## Член 4

## ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 4.1
**Територија на наградната игра**

Наградната игра ќе се спроведува во сите Рамсторе маркети во Скопје, Тетово, Куманово, Кичево, Охрид, Струга, Струмица, Гостивар и онлајн продавницата **Рамсторе до дома**, како и во сите продавници на Рамсторе Мол на следниве адреси:

1. Ул. Св. Кирил и Методиј бр.13 – **маркет Вардар**
2. Ул. Февруарски Поход бр. 46 – **маркет Горно Лисиче**
3. Бул. Јане Сандански бр. 71а – **маркет Капитол**
4. Ул. Васил Горгов 20а - **маркет Капиштец**
5. Ул. Лазо Трповски бр.5 – **маркет Топанско Поле**
6. Ул. Скопски пат бр.8 – **маркет Тетово 1**
7. Ул. Ван Вардарска бр.1 – **маркет Тетово 3**
8. Ул. Св. Климент Охридски бр.1- **маркет Охрид**
9. Ул. Маршал Тито бр.116а – **маркет Струга**
10. Ул. 3-та Македонска Ударна Бригада бр. 68 – **маркет Куманово**
11. Ул. Тодор Александров бр.83 Скопје – **маркет Водно**
12. Ул. Благој Давков бр.2 - Центар Скопје **- Маркет Дебар маало**
13. Булевар Ослободување бр.1 / Кичево- **маркет Кичево**
14. Ул. Милан Зечар бр 6 - **Аеродром**
15. Ул .Љубљанска бр.4 Капрош – **Сити мол**
16. Ул. Јане Сандански бр.98 А Охрид – **Охрид Експрес**
17. Ул. Благој Јанков-Мучето бр.16 Струмица – **Струмица**
18. Ул. Московска 6б Карпош – **маркет Тафталиџе**
19. Ул. Втора Македонска бригада бр.23 – **маркет Север Чаир**
20. Ул. Фрањо Клуз бр. 6-**маркет Стар Аеродром**
21. ул. "1615" бр. 20- **маркет Џевахир**
22. ул. Прашка бр. 11/2 лок. 1-7 **маркет Карпош**
23. Ул. Гоце Делчев бр. 42 - **Струмица Булевар**
24. Рамсторе до дома **- онлајн продавница**
25. Ул. Илинденска бр. 254-**маркет Гостивар**
26. Ул. Булевар Туристичка бр.42А**-маркет Охрид Туристичка**
27. Ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје - **Рамсторе Мол:**

    1. AIDA BEDRI SARAKJINI
    2. AMBRELA KORPORACIJA
    3. ANHO^ DOOEL
    4. ATOMEM DOO
    5. ADZIKO DOOEL
    6. BISER KOMPANI (EXCHANGE OFFICE)
    7. BLU CHIP (KOMODITA)

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut • Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup • IV

8. BOTONI
9. CM DELTA DOO
10. DE-TA DEJAN (PENTI)
11. DIPROM DOO (AVIS)
12. DORUK DOO (ANATOLIA)
13. DRZAVNA LOTARIJA
14. DUKI DASO
15. EURO FARM
16. EVROPA TURS
17. FMTKP DOO Skopje
18. GAMA OIL PETROL DOOEL
19. GRIN KAFE
20. HALKBANK
21. IKL-M (EXPRESS CLEANING)
22. IKONA KNIZARA
23. JAKO TREJD (Y LONDON)
24. KONCEPT rebeka
25. KOTON MAGAZAXILIK
26. KRSH DOOEL
27. KUPIMOMENT
28. LADUR KAFE
29. LC WAIKIKI
30. LEOMAR GROUP
31. LPP MACEDONIA
32. LUKS DOM DOOEL (TAC)
33. MAGNETIK
    - oltre
    - marella
    - liu jo
    - yamamay
    - pinko
    - penny black
    - fiorellla rubino
    - Motivi
    - carpisa
    - wekend max mara
34. MAJ SHUS-GRUP (ADAMS SHOES)
35. MAKEDONSKA POSHTA
36. MIS SPAJS AKSESORIS
37. NANA
38. OFIS PLUS
39. OHRIDSKI BISER-ISKRA PERLES
40. A1 MAKEDONIJA

41. PARFIMERIJA PLAZZA
42. PROSVETNO DELO
43. SABEDIn EJUPI
44. SITI GRIL
45. SPORT VISION
46. STORIBOKS
47. STUDIO MODERNA (TOP SHOP)
48. T MOBILE
49. TAB LIMITED (BURGER KING)
50. TD HATRA
51. TIM KORPOREJSHN
52. TINA VET
53. TOM TAILOR
54. TRITEKS TREJD
55. TUDORS DOOEL (COBALT)
56. UFI RAHMETULA ISAK
57. VOCH ID (WATCH POINT)
58. VT KOMPANI VIKI
59. LEDIKOM GRUP
60. ZVEZDEN OKEAN MEISAN

Член 4.2

## ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра "18 години заедно со Вас" започнува на 16.10.2023 во 08:00 часот и завршува на 17.12.2023 година во 22:00 часот.

1. Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни купувачи чии фискални сметки имаат вредност од 1000.00 денари и повеќе.

2. Времетраењето на наградната игра е од 16.10.2023 година до 17.12.2023 година. Во наградната игра ќе учествуваат фискалните сметки издадени во периодот 16.10.2023 до 17.12.2023 – од 08:00 до 22:00 часот.

3. Доколку постојат фискални сметки направени точно до 22:00 часот на 17.12.2023, истите ќе се земат во предвид и ќе имаат право на учество доколку се пријаваат најдоцна до следниот ден до 12:00 часот на инфо пултовите лоцирани во секој Рамсторе маркет и во Рамсторе Мол каде што ќе бидат давани купоните за учество во наградната игра.

4. Извлекување на наградите ќе се одржи на 21.12.2023 година четврток во 12:00 часот во ТЦ Рамстор Мол пред маркетот, а ќе биде

контролирано од комисија составена од еден претставник од Рамсторе и Нотар.

5. Еднаш искористена фискална сметка, не може повторно да учествува во наградната игра.

6. Фондот на награди за наведениот период е ограничен и се состои во доделување на: 1 (една) главна награда – 300,000.00 денари, 80 ваучери од по 3,000.00 денари, 2 мобилни уреди (1 телефон и 1 таблет) во вредност од 28,480.00 денари и 9 електрични апарати во вредност од 11,100.00 денари, односно вкупниот фонд на награди изнесува 579,580.00 денари.

7. Секој учесник во наградната игра, со самото учество се согласува дека доколку биде извлечен како добитник на една од наградите неговото име и презиме може да биде објавено на официјалните Веб страни на Рамсторе Македонија.

8. Наградите можат да се подигнат веднаш, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на извлекувањето, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Гане Тодоровски бр.32/1-4, Скопје.

9. Добиената награда, неможе да се замени со друг/а и не постои никаков друг вид на надоместок.

10. Учесниците однапред се согласни со правилата на наградната игра.

11. Сите вработени во Рамстор Македонија ДОО, како и членовите на нивните потесни семејства не можат да учествуваат во наградната игра. Доколку учествуваат и добијат награда , наградата нема да се додели.

12. Во случај на неправилност и не придржување до пропишаните правила, организаторот Рамсторе Македонија го задржува правото да го дискфалификува учесникот.

13. Начин на учество во наградната игра:

**Чекор 1**

Да приложи фискална сметка со износ еднаков или повисок од 1000.00 денари направени во Рамсторе маркетите или во Рамсторе Мол на инфо пултовите при што добива награден купон. Купонот треба да биде пополнет од страна на потрошувачот со следниве лични податоци: Име и презиме, адреса, контакт телефон, број на фискална сметка, како и изјава за користење на лични податоци, и уфрлен во посебно обележани и ставени на видно место кутии во маркетите.

Доколку се направи сметка од 1000.00 денари или повеќе и се искористат поените и со тоа се намали сметката под 1000.00 денари учесникот не ги исполнува условите за да добие купон и да учествува во наградната игра.

Појаснување:

- За сметка од 1000.00 до 1999.00 денари, купувачот добива еден награден купон
- За сметка од 2000.00 до 2999.00 денари, купувачот добива два наградни купони
- За сметка од 3000.00 до 3999.00 денари, купувачот добива три наградни купони итн, т.е. за секои дополнителни 1000.00 денари се добива дополнителен награден купон.

**Чекор 2**

По извршена верификација на фискалната сметка/и, одговорното лице го доделува потребниот број на наградни купони.

**Чекор 3**

Потрошувачот ќе треба да ги пополни сите податоци во наградните купони, истите да ги уфрли во кутиите најдоцна до 17.12.2023 до 22:00 часот по што кутиите ќе бидат затворени, и да ги чува фискалните сметки наведени во наградниот купон се до завршување на извлекувањето.

По затворањето на кутиите поставени во секој Рамсторе маркет или во Рамсторе Мол, кутиите од сите маркети на Рамсторе и Рамсторе Мол ќе се доставaт на локацијата одредена каде што ќе се врши извлекувањето, по што сите купони ќе бидат префрлени во еден голем сад од каде ќе се изврши извлекувањето во Трговскиот центар Рамсторе мол пред маркетот.

.

**Чекор 4**

На ден 21.12.2023 во 12:00 часот во Рамсторе Мол, лоциран на ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје пред маркетот, ќе се изврши јавно извлекување на наградите во присуство на два члена комисија составена од Нотар и еден претставник од Рамсторе Македонија.

Извлекувањето ќе се врши рачно од страна на една или две хостеси.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Член 4.3

**Начин на доделување на наградите**

- Извлекувањето ќе биде јавно.
- Извлекувањето на наградите ќе се изврши на 21.12.2023 во 12:00 часот.
- Дополнително ќе бидат извлечени уште 15 резервни добитници кои ќе бидат заведени во посебна листа за дополнителни потенцијални добитници.
- Доколку некој од добитниците биде присутен на јавното извлекување, подигнувањето на наградата може да ги изврши веднаш по проверка на веродостојноста на податоците
- Секој од добитниците телефонски ќе биде известен од страна на Организаторот за добиената награда и истата ќе може да ја подигне во рок од 60 дена од денот на извлекувањето, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје.
- После истекот на предвидениот рок, Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитникот на наградата при подигање на наградите треба да приложи валиден документ за идентификација и да ги покаже фискалните сметки наведени во наградниот купон. Доколку при идентификација на добитникот се утврди дека не ги исполнува условите за учество во наградната игра согласно наведените правила, наградата ќе биде доделена на следниот добитник кој е на посебната листа на дополнителни резервни добитници.
  - Доколку добитникот и сите дополнителни резервни добитници го изгубат правото на наградата, истата се смета дека не е подигната и останува во сопственост и располагање на Организаторот.
  - Рамсторе ќе го плати персоналниот данок на добитникот.

Добитникот не може да ја пренесе наградата.

Како членови на потесното семејство се сметаат: родители, брат или сестра, деца и брачен другар.

- Списокот на добитници ќе биде објавен на официјалната веб страна на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk и www.ramstoremall.com.mk, по завршување на извлекувањето, а најдоцна во рок од 3 дена.

Член 4.4

**Одговорност**

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од организаторот.
- Организаторот ќе биде одговорен до моментот на подигнување на наградите од страна на добитниците.
- Со плаќање на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користење на наградите , како и плаќање по основ на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користење на наградите

**Член 5**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Право на учество во наградната игра има секое полнолетно физичко лице (со наполнети 18 години),освен лицата кои се вработени кај Организаторот Рамсторе Македонија ДОО и членовите на нивните потесни семејства (родители и деца, брат, сестра, сопруг или сопруга)

**Член 6**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРАВИЛА**

Официјалните правила на наградната игра по добивањето согласност од Министерството за финансии пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на web страната на Организаторот www.ramstore.com.mk и www.ramstoremall.com.mk,како и на информативните пултотови во секој Рамсторе маркет.

Учесниците во Наградната игра, за Официјалните правила на играта ќе можат да се информираат преку информативно–рекламните материјали кои ќе бидат поставени на видни места во секој Рамсторе маркетите, печатени и електронски медиуми (телевизии, радиа, портали, банери, постери, флаери и сл)

## Член 7

## НАГРАДЕН ФОНД

Член 7.1

**Награди од наградната игра**

Наградниот фонд се состои од:

## Член 8

## ДАНОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ

Даночните обврски за добитниците на награда ги плаќа Организаторот на Наградната игра во име и за сметка на добитникот.

| НАГРАДА | ОПИС НА НАГРАДА | ПОЕДИНЕЧНА ВРЕДНОСТ ВО ДЕНАРИ | КОЛИЧИНА | ДДВ % | ДДВ ВО ДЕНАРИ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ СО ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I Главна награда | Парична награда | 300,000.00 | 1 | 0 | 0 | 300,000.00 |
| II Награда | Ваучери | 3,000.00 | 80 | 0 | 0 | 240,000.00 |
| III Награда | T Phone Pro 5G 2023 256GB | 13,127.12 | 1 | 18% | 2,363.00 | 15,490.12 |
| | T Tablet 5G 128GB | 12,371.43 | 1 | 5% | 618.57 | 12,990.00 |
| IV Награда | МИКСЕР MAX HM 3511 | 775.59 | 1 | 18% | 139.61 | 915.20 |
| | МИКСЕР СО ПОСТОЉЕ MAX HMB 3566 | 1,133.56 | 1 | 18% | 204.04 | 1,337.60 |
| | ВАГА ЗА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА MAX TS8W | 572.00 | 1 | 18% | 102.96 | 674.96 |
| | АПАРАТ ЗА ТУРСКО КАФЕ MAX NE 303 ИНОКС | 894.92 | 1 | 18% | 161.08 | 1,056.00 |
| | СТИК ПРАВОСМУКАЛКА 2-1 MAX SVC 1060 R | 1,461.69 | 1 | 18% | 263.11 | 1,724.80 |
| | КУЈНСКА ВАГА MAX KSW 175 | 298.31 | 1 | 18% | 53.69 | 352 |
| | ЕЛЕКТРИЧНА СКАРА MAX EG 4626 | 1,347.59 | 1 | 18% | 242.57 | 1,590.16 |
| | БЛЕНДЕР РАЧЕН MAX HB 3542 | 715.93 | 1 | 18% | 128.87 | 844.8 |
| | ФРИТЕЗА НА ТОПОЛ ВОЗДУХ VPCOK LQ2507B | 2,207.46 | 1 | 18% | 397.34 | 2,604.80 |

Наградниот фонд е вкупно 579,580.00 ден.

Истиот ќе биде доделен на добигниците во вид на парична награда, ваучери за пазарење во Рамсторе маркетите, електрични апарати и мобилни уреди.

**Член 9**

## СПОРОВИ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ ВО ТЕКОТ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Во текот на Наградната игра може да дојде до спор помеѓу Организаторот и учесниците во Наградната игра. Спор може да настане во случај ако некоја од наведените страни не се придржува кон Официјалните правила на Наградната игра кои се погоре образложени.
Во случај на било каков спор меѓу Организаторот и Учесниците во наградната игра, таквиот спор ќе биде решен на мирољубива основа.

**Член 10**

## РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР

Секој учесник има право на приговор во рок од 8 дена од денот на завршувањето на наградната игра
Организаторот на Наградната игра ќе одговори на приговорот во рок од 5 дена од денот на приемот на истиот.

Рамсторе Македонија Доо Скопје

Управител
Даниела Адамоска

Преку полномошник: Антонета Илиевска